# НАЦРТ ДОКУМЕНТ
# МАКЕДОНСКАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ
**- појдовни основи –**

**МАРТ 2013**

**Членови  на работната група за изготвување на Македонска рамка на квалификации**

МОН - Наташа Јаневска
МОН - Нада Стоименова
МОН – Аспасија Хаџишче
МОН - Борчо Алексов
МОН - Георге Николов
МОН - Даниела Граоровска
МОН  - Дана Бишковска
МОН – Анета Трпевска
МОН – Игор  Николовски
БРО - Рајмонда Незири
БРО- Блага Панева
ЦСОО - Ласте Спасовски
ЦСОО- Лидушка Василевска
ЦСОО- Елизабета Јовановска Радановик
ЦСОО – Бранко Алексовски
ЦОВ  - Маја Крстевска
ЦОВ - Маја Корубин
МТСП - Маја Папатолевска
МТСП – Орхан Шерифи
АВРМ- Билјана  Деловска
АВРМ – Виолета Стојановиќ
ДЗС - Виолета Крстева
МИОА - Јасминка Галевска
ОР - Светлана Ристовска Антиќ
СКМ – Ленче Зикова

**Предговор**

Документот е изработен од работна група, формирана од Министерот за образование и наука врз основа на изработен документ во рамките на ЕУ проектот ,,**Техничка поддршка на Министерството за образование и наука за доживотно учење,, Договор бр.: 06MAC01/11/102** и врз основа на Европските документи, Копенхашката декларација, Болоњската декларација и Уредбата за Националната рамка на високообразовните квалификации за Република Македонија. При изработка на документот се почитуваа неколку основни принципи:

- вклученост на сите заинтересирани страни од самиот почеток;

- вклученост на меѓународни експерти;

- развој на Македонска рамка на квалификации на национално ниво, обезбедувајки нејзина споредливост на меѓународно ниво;

- воспоставување на Македонската рамка на квалификации, согласно националната легислатива и практики;

- целокупност на Македонска рамка на квалификации, односно опфаќање на сите видови и нивоа на квалификации и

- заснованост на Описи на нивоата на резултати од учење.

Во документот „Македонска рамка на квалификации - појдовни основи" е даден концептот, структурата на националната рамка и структурата за раководење и спроведување на Македонската рамка на квалификации. Развивањето на Македонска рамка на квалификации ке продолжи со целосно почитување на принципите наведени на почетокот на документот.

Голема благодарност до членовите на работната група за нивната посветеност и напорна работа, за нивните предлози, идеи и сугестии за да се дојде до конечните резултати на овој важен Документ.

Посебна благодарност до Анн Мари Шеро од Бордот за Национална сертификација за вештини од Франција, Едварда Кастел Бранко и Арјен Деиј од ЕТФ за нивните корисни забелешки, практични совети и препораки од обласа на рамката на квалификации.

Благодарност и до претставниците на коморите и здруженијата на работодавачите кои дадоа свој придонес во развивањето на овој документ со конкретни примери од праксата, на поединците кои активно се вклучија со свои коментари и препораки за подобрување на текстот и конечното обликување на документот и на Милка Масникоса, раководител на правен сектор во МОН за правните совети кои ни ги даваше.

И на крај, голема благодарност до министерот за образование и наука, г-дин Панче Кралев, и државниот секретар при министерството за образование и наука, г-ѓа Елизабета Тодоровска, за укажаната доверба да го изготвиме овој значаен Документ, подршката и насоките што ни ги даваа во текот на целата работа при изготвување на Документот.

**СОДРЖИНА:**

**ВОВЕД** ---------------------------------------------------------------------- 7
**ПОИМНИК** -------------------------------------------------------------------- 9
1. **РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ** -------------------------------------- 13
   1.1. Национална рамка на квалификации -------------------------- 13
   1.2. Европска рамка на квалификации ------------------------------------ 15
   1.3. Европски крадит трансфер систем за стручно образование и обука ECVET и европска референтна рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука EQARF -------------------------------------------- 16
   1.3.1. Европски Европски крадит трансфер систем за стручно образование и обука ECVET --------------------------------------------- 16
   1.3.2. Европска референтна рамка за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука EQARF ------------------------ 17
   1.4. Болоњскиот процес --------------------------------------------------------- 18

2. **МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ** ------------------------- 19
   2.1. Нормативна заснованост на МРК --------------------------------------- 21
   2.2. Цели на МРК --------------------------------------------------------------- 21
   2.3. Видови квалификации и документ ------------------------------------- 22
   2.4. Сектори на квалификации ---------------------------------------------- 23
   2.5. Обем на квалификации и кредити ------------------------------------- 24
   2.6. Придобивки и корисници на МРК ------------------------------------- 25
   2.7. Опфат и структура на МРК --------------------------------------------- 26
   2.8. Описи и нивоа -------------------------------------------------------------- 32

3. **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО МРК** ------------------------------- 40
   3.1. Верификација на квалификации -------------------------------------- 41
   3.2. Верификација/акредитација на институции ---------------------- 43
   3.3. Признавање и сертифицирање на предходното учење ---------- 44

4. **ОРГАНИ И ТЕЛА НАДЛЕЖНИ ЗА РАЗВОЈ, ПРОВЕРКА, УСВОЈУВАЊЕ, ПРИЗНАВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ** - 46
   4.1. Идентификација на потребите од нови квалификации и ревизија на постојните квалификации ---------------------------------- 46
   4.2. Развој на квалификации ------------------------------------------------ 47
   4.3. Одобрување на квалификациите --------------------------------------- 47

5. **КОРИСТЕНИ ДОКУМЕНТИ** ------------------------------------------- 49

**КРАТЕНКИ**

**БРО - Биро за развој на образованието**
**ДИЦ - Државен испитен центар**
**ДПИ - Државен просветен инспекторат**
**ЕАОК - Европската мрежа за обезбедување на квалитет во високото образование**
**ЕРК - Европска рамка на квалификации за доживотно учење**
**ECTS - Европски кредит-трансфер систем**
**ECVET - Европски кредит-систем за стручно образование и обука**
**EQARF - Европска референтна рамка за осигурување на квалитет во стручното образование и обука**
**ЕУ - Европска унија**
**МРК - Македонска рамка на квалификации**
**НРК - Национална рамка на квалификации**
**СОО - Стручно образование и обука**
**ЦОВ - Јавна установа Центар за образование на возрасни**
**ЦСОО - Центар за стручно образование и обука**

## ВОВЕД

Создавањето на конкурентен европски економски простор бара мобилност на компетенциите и нивно јасно препознавање и користење од страна на поединците, работодавачите и целата општествена заедница. Тоа, покрај другото, бара и воспоставување на нов европски систем на вредности, нов однос кон образованието кој ќе биде широко прифатлив за земјите членки на ЕУ, како и за земјите кои сакаат да се приклучат на европското семејство. Остварувањето на овие стратешки цели на земјите на ЕУ, придонесе образованието и обуката да се третира како еден од клучните фактори за нивната реализација.

Поаѓајки од наведените стратешки цели, Европскиот парламент и Советот на ЕУ во април 2008 година ја усвоија Европската рамка на квалификации. Овој документ, како заедничка референтна европска рамка постави бројни барања пред сите држави членки на ЕУ, па и пред Република Македонија, поврзани, пред се, со ситемското вреднување на образованието и обуката во секоја држава и нивно споредување со образовните системи во другите држави.

Сфаќајќи го значењето на наведениот европски документ, Република Македонија презеде одредени активности со цел да изготви своја рамка на квалификации, заснована на европската рамка. Резултат на тие активности е Документот „Македонска рамка на квалификации - појдовни основи“ изготвен врз основа на нашата образовна традиција, сегашната состојба во образованието и потребите поврзани со економскиот развој, развојот на поединецот и општеството во целина, почитувајќи ги одредбите од Европската рамка на квалификации и соодветните европски и меѓународни препораки и прописи.

Со Документот се создаваат предуслови за утврдување на Македонска рамка на квалификации која треба да ги поврзе претходните, сегашните и идните резултати на учење и да ги постави во меѓусебни односи внатре во државата, но и во Европската рамка на квалификации и европскиот образовен простор. Како Документ, „Македонска рамка на квалификации - појдовни основи“, претставува, пред се, насоки за усогласување на прописите со кои се уредуваат подсистемите на основното, средното и високото образование, како и основа за подобро поврзување на промените и потребите на пазарот на трудот.

Македонска рамка на квалификации претставува инструмент кој овозможува класификација, споредување, развој и разбирање на квалификациите. Ја покажува јасната врска помеѓу различните видови и нивоа и овозможува јасен преглед на начинот на стекнување на квалификациите за да се задоволат потребите на пазарот на трудот и на општеството и да се поддржи доживотното учење. Македонска рамка на квалификации ја гледаме како можност за реформи на системот за образование и обука, земајќи ја како референтна точка за реформи.

Документот претставува основа за планирање и програмирање на идните активности поврзани со воспоставување и уредување на целосниот систем на квалификации во Република Македонија.

## ПОИМНИК

**Вештини**
Вештини се способност за примена на знаењето, извршување на задачите и решавање проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (вклучување на употреба на логичко, креативно и интуитивно мислење) и практични (мануелна работа и употреба на методи, инструменти, алати и материјали).

**Даблински дескриптори**
Даблинските дескриптори преставуваат општи искази за типичните очекувања од постигнувањата и способностите поврзани со дипломите кои го претставуваат крајот на еден Болоњски циклус.

**Доживотно учење**
Под доживотно учење се подразбираат активности на формално, неформално и информално учење во текот на целиот живот со цел подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лични професионални и општествени потреби.

**Европската рамка на квалификации**
Европска рамка на квалификации преставува заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различните земји и преставува инструмент за препознавање и разбирање на квалификациите.

**Знаење**
Знаењето преставува збир на стекнати и систематизирани информации, односно збир на теоретски и фактички информации.

**Институција**
Терминот институција означува институција, установа, организација или некое друго тело кое е верифицирано/ акредитирано да образува, обучува и оценува учесници кои се стекнуваат со квалификации. Институциите нудат формални и неформални програми кои водат до квалификации и издаваат јавен документ за истите.

**Информално учење**
Учење кое произлегува од секојдневните животни активности поврзани со работата, семејството или со слободното време. Тоа не е структурирано во однос на целите за учење, времето на учење или поддршката во учењето.

**Квалификација**
Квалификација е формален резултат од процесот на оценување и потврдување кој што е стекнат кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги има постигнато резултатите од учење, согласно утврдени стандарди.

**Компетенции**
Компетенцијата се дефинира како збир на стекнатото знаење и вештини, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа.
Компетенциите се однесуваат на одговорност и самостојност.

**Клучни компетенции**
Клучни компетенции претставуваат збир на компетенции на одредено ниво, потребни за задоволување на личните, општествените и професионалните потреби на поединецот во процесот на доживотното учење. Постојат осум клучни компетенции: комуникација на мајчиниот јазик, комуникација на странски јазик, математичко-техничка и научна компетенција, граѓанска, ИТ, претприемништво, учење да се учи и културно изразување.

**Кредит системи**
Кредит системот е систем за акумулирање и трансфер на кредити врз основа на транспарентноста на резултатите од учењето и процесите на учење .

**Кредит**
Квантитативна мерка за изразување на обемот на учење врз основа на обемот на работа што им е потребен на учесниците со цел да ги постигнат очекуваните резултати од процесот на учење на дадено ниво.

**Кредит трансфер**
Претставува процес преку кој на резултатите од учење постигнати во еден систем или институција може да им се одреди вредност во друг систем или институција.
Во Европа се користат два главни кредит системи: Европски кредит трансфер систем (ECTS) и Европски кредит систем за стручно образование и обука (ECVET).

**Македонска рамка на квалификации**
МРК е систем на квалификации во Република Македонија.

**Модул**
Модул е предметна единица во систем во која секоја предметна единица го носи истиот број на кредити.

**Национална рамка на квалификации (НРК)**
Националната рамка на квалификации е инструмент за воспоставување на систем на квалификации стекнати во одредена земја, со кој се дава основа за стекнување на квалификации, проодност и квалитет на квалификациите.

**Неформално учење**
Под неформално учење се подразбираат организирани активности на учење со цел унапредување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, општествени и професионални потреби и најчесто не води до издавање јавен документ.

**Нивоа во рамката**
Нивоата претставуваат серија на последователни чекори на учење, изразени во однос на низа општи резултати, структурирани според збир на описи/дескриптори.

**Описи/Дескриптори на квалификации**
Искази за резултатите од учење кои се однесуваат на стекнатите знаења, вештини и компетенции .

**Оценување**

Процес на вреднување на знаењето, вештините и компетенциите според претходно дефинирани критериуми и резултати на учење, кое вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

**Обезбедување на квалитет**

Процес или збир на процеси усвоени на национално и/или институционално ниво со цел да се обезбеди квалитет на образовниот процес, образовните програми и квалификациите.

**Резултати од учење**

Резултатите од учење се изјави за тоа што знае, што разбира и што може да прави учесникот, како резултат на формалниот, неформалниот или информалниот процес на учење. Резултатите од учење се дефинираат во смисла на знаења, вештини и компетенции (самостојност и одговорност)

**Програма (образовна/студиска)**

Збир на образовни компоненти, засновани на резултатите од учењето, кои се признаваат за доделување на конкретна квалификација.

**Формално учење**

Под формално учење се подразбира дејност обезбедена од страна на образовна установа или установа за обука која се спроведува според одредени одобрени програми, со цел да се унапредат знаењето, вештините и компетециите за што се издава јавен документ.

## 1. РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

### 1.1. Национална рамка на квалификации

Терминот „национални рамки на квалификации“ се јавува кон крајот на 20-от век во одделни држави (Англија, Шкотска, Република Ирска, Данска и др.) врз основа на современите сфаќања за поимот квалификација. Според нив, квалификацијата станува основна мерка на постигањата, заснована на резултати на учење, што им овозможува на сите што се наоѓаат во образовниот систем или што ги стекнуваат знаењата низ работа со поголема самостојност, да го осмислуваат својот начин на напредување и стекнување на квалификации. На тој начин, е започнат процесот на фаворизирање на системите на образование и обука, засновани на интересите и потребите на корисниците на образованието, а со тоа е започнат и процесот на развојот на национални рамки на квалификации.

Секоја држава има своја национална рамка на квалификации. Воспоставувањето и развојот на национална рамка на квалификации зависи од специфичните општествено-политички, економски и културолошки околности и цели на развојот на одделни држави. Од тие причини, не постои универзално решение за сите држави и системи, но сепак заедничко за сите национални рамки на квалификации е нивната општа цел: на национално, односно системско ниво да пружат јасно уреден приказ на сите постојни квалификации кој ќе овозможи лесно споредување со други рамки на квалификации (национални, секторски и Европска рамка на квалификации). Покрај општата цел, националните рамки на квалификации, имаат и специфични цели:

- подигање на свеста на граѓаните и на работодавачите во врска со квалификациите на национално и на меѓународно ниво;
- подобрување на достапноста на квалификациите;
- поголема можност за признавање на квалификациите и мобилност на национално и на меѓународно ниво;
- препознавање на алтернативни начини на стекнување на квалификации;
- овозможување на подобар увид во напредувањето преку системот на пренесување на кредити;
- овозможување на рационално креирање и развој на квалификациите и сл.

Во Препораките на Европскиот Парламент и Совет за Воспоставување на Европска рамка на квалификации за доживотно учење, националната рамка на квалификации се дефинира како **инструмент за класификација на квалификации во согласност со низа критериуми за поединечните нивоа на стекнатите знаења и вештини, кој има тенденција да ги интегрира и координира националните подсистеми на квалификации и да ги подобри транспарентноста, достапноста, напредокот и квалитетот на квалификациите во врска со пазарот на трудот и граѓанското**

**општество.** Ваквата дефиниција во себе содржи неколку елементи кои се битни за разбирањето на суштината на националните рамки на квалификации:

1. Националната рамка на квалификации претставува единствена, целосна и системски уредена структура за систематизирање, опишување и развој на квалификациите. Содржи збир на принципи кои ја покажуваат вредноста на квалификациите и им овозможуваат на заинтересираните корисници да видат дали квалификацијата им дава можност за натамошно образование и обука или за вработување, или и за едното и за другото.
2. Националната рамка на квалификации овозможува споредување на квалификациите од различни области на образованието и обуката.
3. Националната рамка на квалификации ги содржи сите постојни квалификации во рамките на еден систем (држава ) кои се стекнуваат на сите нивоа на образование и обука по формален пат (основно, средно или високо), како и по неформален и информален пат. Формално препознаените квалификации се поставуваат во јасно дефинирани односи и структура.
4. Националната рамка на квалификации ги опфаќа сите нивоа на квалификации кои може да се стекнат низ сите видови на образование и обука што овозможува тесна врска помеѓу образованието и обуката и пазарот на трудот. Колку нивоа на квалификации ќе има Националната рамка на квалификации зависи од самиот национален систем, но тие мора да постојат и да бидат така уредени за да може јасно да се види на кој начин може да се премине од едно ниво на квалификација во друго ниво, како и кои се описите на секое ниво на квалификации. Со описите се одредува нивото на комплексноста на знаењата, вештините и компетенциите (самостојност и одговорност).
5. Описите на квалификациите се засноваат на резултати на учење. Во таа смисла, квалификациите претставуваат збир на сертифицирани и документирани резултати на учење (знаења, вештини и компетенции) согласно дадени стандарди, без оглед на тоа како и каде се стекнати.
6. Националната рамка на квалификации претставува основа за подобрување на квалитетот, достапноста и поврзаноста на квалификациите. Обезбедува проодност помеѓу нивоата, различни патишта на стекнување на квалификациите и нивно јавно признавање на пазарот на трудот. Таа е инструмент за комуникација помеѓу различни делови од системот на образование и обука и има развојна и регулаторна улога.

7. Националната рамка на квалификации ќе придонесе за реално моделирање на образовниот профил кои ги одразува општествените потреби и социјално економска стабилност и визија за креирање на нови профили.

### 1.2. Европска рамка на квалификации

ЕРК[1] е референтна алатка за споредба на нивоата на квалификации на различните системи на квалификации и го промовира доживотното учење и еднаквите можности во општество засновано на знаење, вештини и компетенции, како и понатамошна

---

[1] Препорака на Европскиот парламент и советот, за воспоставување на Европска Рамка на квалификации за доживотно учење од 23ти Април 2008 година

интеграција во европскиот пазар на труд, почитувајќи ги различните национални системи[2] за образование и обука.
Таа ги прави квалификациите појасни и полесно разбирливи помеѓу различните држави и системи во Европа и има две главни цели:

- да ја промовира и обезбеди мобилноста и
- да го олесни доживотното учење.

ЕРК се состои од осум нивоа кои опфаќаат видови на квалификации кои се стекнати во општото, стручното, високото и образованието за возрасни. Нивоата на националните рамки или системи се споредуваат со осумте нивоа од ЕРК, за да се направи полесно поврзување помеѓу квалификациите на национално и меѓународно ниво.
Нивоата се засноваат на резултати од учење (знаење, вештини и компетенции). Вниманието во рамката е насочено кон излезните резултати, односно што знае учесникот, што разбира и што може да направи по завршувањето на процесот на учење. Насочувањето кон излезните резултати го поддржува поврзувањето на потребите на пазарот на трудот и потребното образование и обука. Го олеснува признавањето на резултатите од неформалното и информалното учење, трансферот и прифаќањето на квалификациите помеѓу земјите и системите за образование и обука.

ЕРК ги опишува нивоата на квалификации во однос на резултатите од учење, но не потврдува квалификаци. Тоа е задача на националните тела кои се одговорни за Националната рамка на квалификации, кои описите на нивоата на Европската рамка на квалификации ги користат како основа за изготвување описи на нивоата во своите национални рамки на квалификации.

### 1.3. Европски кредит трансфер систем за стручно образование и обука и европска референтна рамка за обезбедување на квалитет во стручно образование и обука (ECVET и EQARF)

Основите за европска соработка во образованието произлегуваат од Копенхашката декларација за стручното образование и обука и Болоњскиот процес[3]
Во Копенхашкиот процес вниманието е посветено на развивање заеднички европски рамки и алатки за зајакнување на транспарентноста, признавање и квалитет на компетенции и квалификации и олеснување на мобилноста. Инструменти кои се користат се Европската рамка на квалификации (EQF), Европскиот кредит трансфер систем за СОО (ECVET) и Европската референтна рамка за осигурување квалитет во СОО (EQARF).

**1.3.1. Европски систем на кредити за стручно образование и обука (ECVET)[4]** е систем развиен од земјите членки на ЕУ и од Европската комисија, со цел да се олесни признавањето на знаењето, вештините и компетенциите кои ги имаат стекнато поединците во учењето или во периодот на стручно образование и обука во земјата и

[2] http://ec.europa.eu/education/vocational-education/doc1143_en.htm

[3] http//ec.europe.eu/education/higereducation /doc 1290_ek.htm

[4] Препорака на Европскиот парламент и советот за воспоставување на Европски кредит систем за стручно образование и обука од 18ти Јуни 2009 година.

странство. Согласно препораките од страна на Европскиот совет и Европскиот Парламент, Европски систем на кредити за стручно образование и обука претставува децентрализиран и доброволен механизам, кој има за цел да создаде европски простор на доживотно учење што ќе го олесни начинот на признавање, трансферирање и акумулирање на учењето на поединците кое води кон квалификации.

ECVET ги објаснува квалификациите во смисла на единици на резултатите од учење кои ќе бидат оценети и вреднувани. Секоја квалификација треба да вреди одреден број на ECVET кредити. Резултатите од учењето кои биле стекнати во една година на редовно формално стручно образование и обука ќе добијат 60 ECVET кредити. Овој пристап ги поттикнува индивидуалните патишта на учење каде што учесниците можат да ги акумулираат посакуваните единици на резултатите од учење за одредена квалификација со текот на времето, во разни држави и во разни ситуации за учење.

Европскиот систем на кредити за стручно образование и обука и Европски систем за кредит трансфер и акумулирање (ECTS) во високото образование припаѓа на серија од иницијативи за признавање на искуствата од учењето помеѓу различни држави и различни институции. Тоа е можност за стекнување на Europass[5] документите. Europass воведува портфолио на документи кои што ги употребуваат поединците за да ги опишат нивните квалификации и компетенци, но тој не ги споредува нивоата на квалификации.

**1.3.2. Европската референтна рамка за обезбедување квалитет во стручното образование и обука (EQARF)[6]** ја развиваат Земјите членки и Комисијата со цел да служи како референтен инструмент кој ќе помага при постигнување на континуирано подобрување на СОО. EQARF има за цел да поттикне взаемна доверба во националните системи за СОО, во рамките на доживотно учење.

EQARF поддржува стратегии за доживотно учење, интегрирање на европскиот пазар на труд и промовира култура на подобрување на квалитетот на сите нивоа, истовремено почитувајќи ја различноста на националните образовни системи поддржувајќи ги иницијативите за политики во стручното образование и обука.

EQARF е дизајнирана да им помага на земјите членки во промовирање, следење и подобрување на квалитетот во СОО. Овозможува заедничка основа за начела за квалитет, референтни критериуми и показатели. Помага на креаторите на политиката и на оние кои ја применуваат да добијат подобра претстава како функционираат постојните модели за обезбедување на квалитет, да ги идентификуваат областите во кои е потребно подобрување и да донесуваат одлуки за тоа како истите да се подобрат врз основа на вообичаените квантитативни и квалитативни референци.

EQARF се применува на системско ниво и на ниво на понудувачи на обуки. Таа се состои од модел и методологија кои ставаат акцент на самооценувањето, во комбинација со надворешно оценување, систем на мониторинг и повеќе референтни индикатори за мониторинг и евалуација на системите. Рамката дава конкретен акцент на подобрување и евалуација на „резултатите“ на стручното образование и обука, во смисла на зголемување на вработувањето, подобро совпаѓање помеѓу понудата и побарувачката и

---

[5] Одлука бр.2241/2004/ЕЗ на Европскиот парламент и советот за единствена рамка на Заедницата за транспарентност на квалификациите и вештините (Europass).

[6] Препорака на Европскиот парламент и советот за воспоставување на Европска Рамка за обезбедување на квалитетот во Стручното образование и обука од 18ти Јуни 2009 година

промовирање на подобар пристап до доживотното учење и обука, посебно за лицата од ранливи категории.

### 1.4. Болоњскиот процес

Болоњскиот процес[7] се стреми кон креирање високообразовна област во која стандардите за академски дипломи, дипломи за високо стручно образование и стандардите за обезбедување квалитет се поспоредливи и покомпатибилни.
Рамката за високообразовната област содржи три циклуси на високообразовни квалификации, дефинирани од аспект на квалификации на Европски кредит трансфер систем и Систем на акумулирање на кредити. Постои и краток циклус во рамките на првиот циклус.

Една академска година одговара на 60 ЕКТС кредити. Академска година е обично 1500-1800 часа на учење од различен вид. Конкретното именување на дипломите варира од земја во земја.

• Краток циклус во рамките на првиот циклус: 120 ЕКТС кредити – со ова се стекнува квалификација која е помалку од диплома.
• Прв циклус: 180 − 240 ЕКТС кредити – се добива диплома за додипломски студии
• Втор циклус: 90 − 120 ЕКТС кредити (минимум од 60 на ниво на втор циклус) – се добива Магистерска диплома
• Трет циклус: не постои типичен број на ЕКТС кредити – диплома за Докторат

За сите четири циклуси постојат описи наречени "Даблински дескриптори" [8] - краткиот циклус има свои посебни описи - и тие се поврзани со најгорните 4 нивоа во ЕРК.
Земјите издаваат сертификати според Рамката, следејќи ги критериумите поставени од Болоњската работна група за Рамката.

Болоњската Декларација препорачува и обезбедување квалитет во високото образование, со развиени споредливи критериуми и методологии. Европската мрежа за обезбедување на квалитет во високото образование (ЕАОК), подржана од Европската Комисија, ги подготви "Стандардите и насоките за обезбедување квалитет во европската високообразовна област".

[7] http://www.ehea.info/Uploads/Declarations/BOLOGNA_DECLARATION1.pdf

[8] Http://www.jointquality.nl/

## 2. МАКЕДОНСКА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Македонската рамка на квалификации е инструмент за развивање, класифицирање, препознавање и признавање на стекнатите квалификации преку резултатите од учење.

Македонската рамка на квалификации се заснова на традиционалниот образовен систем, сегашната состојба во образованието, обуката и системот на квалификации, развојот на општеството, потребите на пазарот на трудот, потребите на поединецот, насоките на Европската рамка на квалификации и меѓународните прописи кои ги прифатила Република Македонија.

МРК има за цел да ги интегрира и координира образовните подсистеми и да ги подобри транспарентноста, пристапот, напредокот и квалитетот на квалификациите во однос на пазарот на трудот и граѓанското општество.

Со МРК се поставуваат јасни критериуми на квалитет за стекнување на квалификација на одредено ниво што учесникот може да го стекне по завршувањето на образованието и обуката.

Квалификациите кои се вклучени во МРК се однесуваат на општото образование, формалното стручно образование и обука, неформалното образование и обука и високото образование.

Со воведување и имплементирање на МРК се постигнуваат следниве резултати:

1. **Квалификациите стануваат појасни, со јасно дефинирани цели, што ќе резултира со:**

- дефинирани резултати од учење и критериуми за оценување ;
- рефлектирани потреби на работодавачите и општеството;
- постигнувања преку формално и неформално учење и преку оценување и признавање на претходното учење и
- стручни квалификации кои се поврзани со пазарот на трудот.

2. **Олеснување на признавањето на резултатите од учењето и подобрување на мобилноста, на национално и меѓународно ниво, што ќе резултира со:**

- регистар на квалификации кој ќе биде транспарентен за заинтересираните страни;
- повеќе начини за постигнување на квалификации – преку признавање на претходно стекнато знаење, вештини и компетенции и
- повеќе патишта за напредување и можност за хорозонтална и вертикална проодност во националниот систем.

3. **Можност за признавање и акредитирање на неформално учење, што ќе резултира со:**

- споредливост помеѓу националните квалификации и квалификации стекнати во странство;
- јасни врски со Европската рамка на квалификации и други релевантни системи во ЕУ и
- учениците/лицата кои учат имаат можност да го продолжат образованието и обуката или да се вработат во други земји.

4. **Изедначување на квалитетот на програмите и понудувачите на услуги, што ќе резултира со:**

- транспарентност и доверба во системот;
- фокусираност на образованието и обуката на резултатите од учење;
- имплементирање на квалификации стекнати преку различни образовни и студиски програми и неформално образование и обука
- обезбедување доверба во националните квалификации преку системите за квалитет.

## 2.1. Нормативна заснованост на МРК

- Закон за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012 и 100/2012).
- Закон за средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/1995; 24/1996; 34/1996; 35/1997; 82/1999; 29/2002; 40/2003; 42/2003; 67/2004; 55/2005; 113/2005; 35/2006; 30/2007; 49/2007; 81/2008; 92/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011; 51/2011 и 6/2012).
- Закон за стручно образование и обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/2006; 117/2008; 148/2009 и 17/2011).
- Закон за образование за возрасните („Службен весник на Република Македонија“бр.7/2008; 17/2011; 51/2011 и 74/2012).
- Закон за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11 и 123/12).
- Закон за отворени граѓански универзитети за доживотно учење (Службен весник на Република Македонија бр. 36/2011)
- Закон за биро за развој на образованието (Службен весник на Република Македонија бр. 37/2006; 142/2008 и 148/2009)
- Законот за Државниот просветен инспекторат (Службен весник на Република Македонија бр. 52/2005, 81/2008, 148/2009, 57/20010 и 51/20011)
- Закон за признавање на професионалните квалификации (Службен весник на Република Македонија бр.175/2010 год)
- Закон за работните односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012 и 39/2012).

2.1.1. Институции надлежни за образованието и обуката се:

- Бирото за развој на образованието е надлежно за основното, гимназиското, средното уметничко и општообразовното подрачје од средното стручно образование;
- Центарот за стручно образование и обука е надлежен за стручното образование и обука;
- Центарот за образование на возрасни е надлежен за формалното и неформалното образование и обука за возрасни;
- Државниот испитен центар е надлежен за подготовка и спроведување на оценувањето во формалното образование;

- Државниот просветен инспекторат е надлежен за координирање на процедури за обезбедување квалитет во основните, средните училишта и високообразовните институции.

МРК не се споменува во ниеден од постојните закони за основно, средно, стручно образование и обука и за образование на возрасни кои беа донесени пред подготовката на Македонската рамка на квалификации, освен во Законот за високото образование член 99, бидејќи во 2010 година беше изготвена националната рамка за високообразовните квалификации во РМ, а последните измени на Законот за високото образование се направени во 2011 година. Поради тоа, постои потреба од измени во законите за основно, средно, стручно образование и обука и за образование на возрасни со кои ке се обезбеди поврзаност со МРК и потреба од донесување на Закон за национална рамка за квалификации со кој ќе се уреди МРК .

## 2.2. Цели на Македонската рамка на квалификации

Македонската рамка на квалификации ги има следниве цели:

1. да ги направи квалификациите појасни, со јасно дефинирана цел;
2. да го олесни признавањето на резултатите од учење;
3. да обезбеди меѓународно препознавање и признавање на квалификациите;
4. да обезбеди мобилност на учесниците на национално и меѓународно ниво;
5. да се создаде единствен систем за управување со квалитет и
6. да го изедначи квалитетот на понудувачите на услуги.

## 2.3. Видови на квалификации и документи

Македонската рамка на квалификации ги уредува следниве видови квалификации:

- квалификации на ниво на образование (образовно ниво);
- стручни квалификации и
- други квалификации.

Квалификациите на ниво на образование се стекнуваат со завршување на образование за јавно донесени образовни програми и достигнувања на излезните резултати од истите, по извршена пропишана проверка. Квалификациите даваат доказ дека се постигнати бараните и пропишани стандарди на определено образовно ниво. Тие, според опфатот на општото и стручното знаење и на компетенциите, овозможуваат личен и професионален развој, односно можност за продолжување на образованието или за вклучување на пазарот на трудот (вработување). Доказ за стечена квалификација на ниво на образование претставува **диплома.**

Стручните квалификации се стекнуваат за дел од јавно донесени образовни програми (модули, курсеви и сл.) или со завршување на посебни програми за образование, по извршена пропишана проверка. Овие квалификации претставуваат формално признаена оспособеност за извршување на работи во рамките на едно или повеќе занимања на определено ниво на барања. Тие даваат доказ дека се постигнати помали групи на резултати на учење или комбинации на резултати на учење кои не ги задоволуваат барањата на постигањата за образовно ниво (ниво на образование). Примарно, содржат стручни компетенции од еден или повеќе стандарди на занимања и директно се однесуваат на пазарот на трудот, односно овозможуваат вработување.

Стручните квалификации добиени на неформален начин ќе бидат оценувани од стручна комисија формирана од Секторските комисии. Стручното оценување значи евалуација на доказите и евалуација на практичните вештини и знаења. Доказ за стечена стручна квалификација претставува **сертификат (уверение).**

Други квалификации се оние квалификации кои не се ниту квалификации на ниво на образование, ниту стручни квалификации. Тоа се квалификации од областа на уметноста, природните, хуманистичките и општествените науки. Доказ за стекнување на овие квалификации претставува **сертификат (потврда, уверение).**

### 2.4. Сектори на квалификации

Квалификациите се групираат според секторот на кој му припаѓаат. Секторите на квалификации содржат потсектори, области и подобласти. На тој начин се овозможува класификација на сите квалификации во четири групи: сектор, подсектор, област и подобласт. Нив ги дефинираат секторски комисии.

Системот за класификација на квалификациите ќе обезбеди транспарентност на постапките при определување на квалификациите според содржината на работата, во согласност со потребите на пазарот на трудот, стопанството, општеството и образованието, како и при групирањето на квалификациите кои имаат иста или слична содржина на знаења и вештини, односно резултати на учење. Истовремено, овој систем ќе овозможи полесно доделување на единствен идентификациски код на секоја квалификација во рамките на Македонската рамка на квалификации.

Сектори на квалификации се:

| | |
|---|---|
| 01 | Геологија, рударство и металургија |
| 02 | Градежништво и геодезија |
| 03 | Графичарство |
| 04 | Економија, право и трговија |
| 05 | Електротехника |
| 06 | Здравство и социјална заштита |
| 07 | Земјоделство, рибарство и ветеринарство |
| 08 | Лични услуги |
| 09 | Машинство |
| 10 | Сообраќај, транспорт и складирање |
| 11 | Текстил, кожа и слични производи |
| 12 | Угостителство и туризам |
| 13 | Хемија и технологија |

| | |
|---|---|
| 14 | Шумарство и обработка на дрво |
| 15 | Спорт и рекреација |
| 16 | Образование |
| 17 | Хуманистички науки и уметности |
| 18 | Природни науки |
| 19 | Општествени науки |
| 20 | Информациска и комуникациска технологија |
| 21 | Интердисциплинарни подрачја |

Секој сектор на квалификации има своја рамка во која се разместуваат квалификациите според видот и нивоата. Рамката на секторот на квалификации овозможува да се согледа односот помеѓу видовите и нивоата на квалификации во секторот. Од неа може да се види можноста за проодноста и напредувањето во рамките на секторот и стекнувањето на иста квалификација по различен пат (по завршена образовна програма, по проверката на претходно стекнато знаење, вештини и компетенции и сл.).

Квалификациските рамки на секторите се изработуваат врз основа на анализа на состојбите во секторот, односно подрачјето на трудот (состојба на пазарот на трудот, можноста за стекнување на квалификации, тенденции во развојот на дејноста, меѓународно споредување и сл.) Тие ќе бидат развојно конципирани и отворени за дополнување со нови квалификации во согласност со потребите и промените на пазарот на трудот.

### 2.5. Обем на квалификации/кредити

Обемот на квалификациите, односно нивната кредитна вредност се определува со број на кредити. Кредит претставува мерна единица за вреднување на работата што треба да ја оствари кандидатот за постигнување на целта. Со него се мери оптоварувањето на кандидатот кој што учи со оглед на времето кое е потребно за стекнување на една квалификација, односно за остварување на резултатите на учењето. Во таа смисла, на секоја образовна програма, модул, наставен предмет или друга единица на учење и се доделува определен број кредити. Најмал број на кредити кој може да се додели на една квалификација е еден кредит.

Секој кредит во основното, средното образование и обука и неформалното учење е еквивалентен на 25 часа учење, а во високото образование на 30 часа. Тука се вклучени предавање, самостојно учење, практична работа, работно искуство[9] и демонстрација на наученото во насока на проверка на резултатите на учење.

[9] Работно искуство - се мисли во неформалното образование(образование за возрасни)

Во системот на формалното образование, една учебна, односно академска година изнесува минимум 60 кредити.

Во македонскиот систем на пренесување на кредити постои еден вид на кредити кој се применува на сите нивоа и видови на квалификации и истиот е еквивалентен на ECTS или ECVET кредити. Кредитите се преносливи, што значи дека еднаш стекнатиот кредит/и може да се користи за стекнување на повеќе квалификации на исто ниво кои ја содржат таа заедничка единица на учење или модул. Тие се признаваат при запишувањето и напредувањето. Доколку некој постигнал кредит/и кој претставува дел од наредната квалификација (на повисоко ниво) што сака да ја стекне, тогаш тој кредит/и се признава. Со ова се избегнува потребата за повторно учење и докажување на компетенциите кои веќе се сертифицирани. Тоа е процес кој овозможува резултатите на учењето постигнати во еден контекст да се признаваат во друг контекст. Се заснова на постапките на проверка, потврдување и признавање на резултатите на учењето.

## 2.6. Придобивки и корисници на МРК

Корисници кои ќе имаат придобивка од воспоставувањето на Македонската рамка на квалификации се:

- Работодавачите и Коморите - да ги согледаат видовите на квалификации кои постојат во Македонија и да имаат доверба во дипломите, уверенијата и сертификатите кои се издаваат за квалификации, потребни за вработување.
- Претпријатијата - да ги користат квалификациите од Македонската рамка за квалификации за подобрување на вештините на своите вработени и/ или да ги подготвуваат програмите за обука за квалификации кои се содржат во рамката и ќе бидат верифицирани според одредени критериуми.
- Агенцијата за вработување на РМ - да ги користи квалификациите од Македонската рамка за квалификации за подобрување на вештините на невработените лица, преку креирање на активни програми /мерки за подготовка за вработување, заради зголемување на нивната конкурентност на пазарот на трудот и побрзо вработување.
- Институциите кои нудат образование, обука и спроведуваат оценување што резултира со квалификации од Македонската рамка за квалификации - да работаат согласно национални стандарди за квалификации и да добијат поддршка во подобрување на нивните искуства и работата.

Институциите кои ќе нудат формално и неформално образование и обука, студиски програми и курсеви кои водат до квалификации од МРК се : основни и средни училишта, факултети, институти, установи и институции за образование на возрасни, Отворени граѓански универзитети за доживотно учење, акредитирани понудувачи на обуки и услуги, центри за формално и неформално образование и обука (вклучувајќи и центри за обуки кои се наоѓаат во компании), НВО-а, комори, агенции за вработување и лиценцирани обучувачи.

- Поединците - да ја согледаат врската помеѓу видот и нивоата на квалификацијата;
- лица кои учат - да имаат пристап до соодветно образование и обука во текот на животот, за да можат да ги исполнат своите лични, социјални и економски цели;
- носителите на квалификации - квалификациите од МРК да бидат признати на национално ниво и да бидат добра основа за меѓународно признавање;
- креатори на политики за образование - да добиваат податоци и информации во формати кои се заеднички за сите сфери на образование и обука;

- економијата и општеството - квалификациите во Македонската рамка за квалификации да бидат усогласени со економско социјалните и културни потреби на државата и да бидат дел од системот во корелација со развојот на активностите на Европската рамка на квалификации.

## 2.7. Опфат и структура на МРК

Квалификациите вклучени во МРК се однесуваат на сите области на образование и обука, без разлика дали се стекнати преку формално или неформално учење. Во МРК ќе се вклучат и квалификациите стекнати пред воведувањето на рамката.

При изготвувањето на МРК се користени постојните квалификации за високото образование, квалификации за општото образование, квалификации за формално образование за стручно образование и обука и основните неформални обуки за образование на возрасни.

Во МРК квалификациите се поставени во осум нивоа, кои се во корелација со осумте нивоа од Европската рамка на квалификации и циклусите на Болоњскиот процес во високото образование. На овој начин, квалификациите од МРК ќе можат полесно да се споредуваат со меѓународните квалификации.

Три од овие нивоа содржат поднивоа со цел да се усогласи со постојниот систем за образование и обука во земјата. Оваа структура се базира на постоечките квалификации во Македонија.

Најгорните четири нивоа од МРК се на исто ниво со трите болоњски циклуси и болоњскиот краток циклус, односно стручните и универзитетските студии се на ниво 6, магистерските на ниво 7, а докторските на ниво 8.

На ниво 5, во првото подниво се сместени квалификациите од високото образование за кратките циклуси, додека во второто под ниво се сместени квалификации од стручно образование и обука и образование и обука на возрасни во кои спаѓаат специјалистичкиот и мајсторскиот испит.

Рамката за високообразовните квалификации е усвоена во Уредбата за Национална рамка на високообразовните квалификации, усвоена од Владата на РМ („Сл.весник на Република Македонија бр.154/2010).

Квалификациите кои овозможуваат директен пристап во високото образование се на ниво 4. Главна квалификација во оваа категорија е државната матура и стекнување на диплома.

Другите квалификации од стручното образование и обука се ниво 3 (стручно образование за занимања во траење од три години) и ниво 2 (стручно оспособување со траење од една или две години ).

**Слика 1**
**Предложена Македонска рамка на квалификации, која ги прикажува предложените нивоа на квалификации во четирите области и корелација на МРК со ЕРК**

| МРК ниво | Под ни во | Општо образова ние | Формално стручно образование и обука | Неформално образование и обука | Високо образование | ЕРК нив о |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | III Циклус на | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | | | | студии<br>Докторски студии | 8 |
| VII | VII А | | | | II Циклус на студии<br>Магистерски академски студии<br>(од 90 до 120 кредити) | 7 |
| | VII Б | | | | II Циклус на студии<br>Специјалисти-чки студии<br>(60 кредити) | |
| VI | VI А | | | | Циклус на студии<br>Универзитетски студии<br>(240 кредити)<br>Стручни студии<br>(240 кредити) | 6 |
| | VI Б | | | | Циклус на студии<br>Универзитетски студии<br>(180 кредити)<br>Стручни студии<br>(180 кредити) | |
| V | V А | | | | Стручни студии<br>(од 60 до 120 кредити)<br>Кратки циклуси во рамките на првиот циклус | 5 |
| | V Б | | Постсредно образование (специјалисти-чко образование и мајсторски испит) | Постсредно образование (специјалисти-чко образование и мајсторски испит) | | |
| IV | | Гимназиско образова-ние<br>(240 кредити) | Четиригодиш. техничко образование<br>(240 кредити) | Неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност IV, согласно стандардите на занимања) | | 4 |
| | | | Стручно образование за занимања (во траење од три | Неформално образование за стекнување на квалификација | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **III** | | години)<br>(180 кредити) | или дел од квалификација (ниво на сложеност III, согласно стандардите на занимања) | | **3** |
| **II** | | Стручно оспособување во траење до две години<br>(од 60 до 120 кредити) | Неформално образование за стекнување на квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност I и II, согласно стандардите на занимања) | | **2** |
| **I** | Основно образова - ние | | Функционална писменост и нумерички вештини | | **1** |

Во МРК има шест поднивоа. Намерата е поднивоата да им послужат на постоечките и новите квалификации.

- Ниво I, се однесува на завршено основно образование и учесниците се стекнуваат со свидетелство, а во неформалното образование и обука се однесува на знаење и вештини за функционална писменост и нумерички вештини и учесниците ќе се стекнат со сертификат.
- Нивото II се однесува на стручно оспособување во траење до две години и учесниците се стекнуваат со уверение за стручно оспособување, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации (ниво на сложеност 1 и 2 согласно стандардите на занимања) и учесниците се стекнуваат со сертификат.
- Нивото III се однесува на стручно образование на занимања во траење од три години и се стекнуваат со диплома, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации (ниво на сложеност 3 согласно стандардите на занимања) и учесниците се стекнуваат со сертификат.
- Нивото IV се однесува на гимназиско образование, техничкото образование, уметничко образование во траење од четири години и се стекнуваат со диплома, а во неформалното образование и обука се однесува за обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации (ниво на сложеност 4 согласно стандардите на занимања) и учесниците се стекнуваат со сертификат.
  Учениците со посебни образовни потреби за ниво IV се образуваат 5 години и се стекнуваат со диплома.
- Нивото V, поднивото VБ се однесува на мајсторскиот испит и специјалистичко образование во стручното образование и обука и се стекнуваат со диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит.

- Нивото V, поднивото VA се однесува за кратките циклуси во високото образование и се зстекнуваат со диплома.
- Во нивото VI, поднивоата VIБ и VIA се однесуваат за тригодишните и четиригодишните додипломски студии, и се стекнуваат со диплома.
- Во нивото VII, поднивоата VIIA и VIIБ се однесуваат на магистерските и специјалистичките студии и се зстекнуваат со диплома.
- Нивото VIII се однесува на докторските студии и се стекнуваат со диплома.

**Слика 2**
**Квалификации во МРК и документ за оценетата квалификација**

| МРК ниво | Под ниво | Општо образование | Формално стручно образование и обука | Неформално образование и обука | Високо образование | ЕРК ниво |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | | | | Болоња циклус 3<br>**Диплома за Докторат** | 8 |
| VII | VII A | | | | Болоња циклус 2<br>**Диплома за Магистер** | 7 |
| | VII Б | | | | Болоња циклус 2<br>**Диплома за специјалистички студии** | |
| VI | VI A | | | | Циклус на студии<br>Универзитетски студии<br>Стручни студии<br>**Диплома** | 6 |
| | VI Б | | | | Болоња циклус 1<br>**Универзитетска Диплома**<br>(четири год.) | |
| V | VA | | | | Болоња циклус 1<br>**Универзитетска Диплома**<br>(три год.) | 5 |
| | VБ | | **Диплома за Специјалисти-чко образование**<br><br>**Диплома за Мајсторски испит** | **Сертификат** | | |
| IV | | Државна матура и училишна матура/<br>**Диплома** | Државна матура и училишна матура (техничко образование) | **Сертификат** | | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **Диплома** | | | |
| **III** | | **Диплома за завршен испит** (стручно образование за занимања) | **Сертификат** | | **3** |
| **II** | | **Уверение за стручно оспособување** | **Сертификат** (основни работни квалификации) | | **2** |
| **I** | **Свидетелство** | | **Сертификат за функционална писменост и нумерички вештини** | | **1** |

МРК им овозможува на организациите и поединците да ги поврзат квалификациите, имајќи ги предвид нивоата, а не начините преку кои квалификациите биле постигнати.

**Слика 3**
**Споредба на степените на високото образование пред и по Уредбата**[10]

| **Ниво во Националната рамка на ВО квалификации** | VIII | VII | | VI | | V | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | VIIA | VIIБ | VIA | VIБ | VA | VБ |
| **Поранешни Степени** | VIII | VII/2 | | VII/1 | | VI | |

## 2.8. Описи на нивоа - дефинирање на нивоата

Нивоата во МРК се дефинирани со описи[11] на нивоа кои ги наведуваат резултатите од учењето карактеристични за тоа ниво. Описите се искази за нивоата кои овозможуваат споредби помеѓу резултатите од учење.

Описите на нивоата, дефинирани во МРК, се во корелација со описите на нивоата во ЕРК и според Даблинските дескриптори во високото образование. Тие ги вклучуваат термините од описите од ЕРК и Даблинските дескриптори во високото образование. Содржат резултати од учење на секое ниво во смисла на знаење, вештини и

[10] Уредба за Национална рамка на високообразовните квалификации (сл. весник на РМ бр. 154 од 31.11.2010 г.)

[11] За високото образование ке се користи поимот дескриптори, согласно Даблинските дескриптори.

компетенции (во потесна смисла во однос на самостојност и одговорност) за општото и стручното образование и обука и знаење и разбирање, примена на знаењето и разбирањето, способност за проценка, комуникациски вештини и вештини за учење во високото образование.

**Слика 4**
**Национална рамка на квалификации – нивоа и описи/дескриптори**

**Високо образование**

| **Ниво** | **Знаење и разбирање** | **Примена на знаењето и разбирањето** | **Способност за проценка** | **Способност за комуника-ција** | **Вештини на учење** |
|---|---|---|---|---|---|
| **8** | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле согласно највисоките меѓународни стандарди. | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;<br><br>Дава придонес преку оригинални истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни рецензирани публикации. | Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, имајќи компетенции за проценка;<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражува-чкото поле | Може да комуницира со своите колеги, поширoката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза; | Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионал-ни рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење. |
| | Покажува знаење и | Способност за критичко, | Способност за синтетизира- | Способност за размена на | Способност за препознавање |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **7** | разбирање за научното поле на проучување (или студирање) кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето<br><br>Способност за употреба на проширено и продлабочено знаење;<br><br>Покажува високо ниво на професионал-на компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во | независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисцип-линарен контекст, поврзани со полето на студирање; | ње и интегрирање на знаењето;<br><br>Способност за справување со сложени прашања, систематски и креативно, за солидно проценување дури и при нецелосни ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа. | заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на иститe, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено<br><br>Преземање значителна одговорност за заедничките резултати; водење и иницирање активности. | на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | тоа научно поле. | | | | |
| **6** | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии. | Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање; | Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи, концепти од соодветни податоци;<br><br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените научните и етичките аспекти;<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение. | Способност да општи и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност;<br><br>Презема поделена одговорност за колективни резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисципли-нарни дискусии. | Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност. |
| **5А** | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна | Способност за практична и професионална примена на знаењето и разбирањето | Способност да пребарува, идентифику-ва и користи податоци за да формулира одговори и решенија на јасно дефинирани конкретни и | Способност да општи за конкретни апстрактни проблеми, вештини и активности со колеги, со претпоставени и клиенти; | Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | литература.<br><br>Поседува знаење кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус | | апстрактни проблеми; | | |

**Општо и стручно образование и обука**

| Ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| **5Б** | Поседува специјалистички теоретски и продлабочени стручни знаења од потесна стручна област потребни за работа со покомплексна и посложена технологија (специјални средства за работа), специјализирани висококвалитетни услуги, организирање на работата, раководни функции на прво ниво, инструирање, менторирање и сл., како и за учење. | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на разновидни повеќе сложени и специфични задачи во делумно непредвидливи ситуации со употреба на различни методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали;<br><br>Ракува со специјализирана опрема, машини и постројки;<br><br>Комуницира во сложени ситуации и соработува со групата во непредвидливи ситуации. Во состојба е да расправа и да ги изразува своите ставови во нови ситуации. | Самостоен е во извршувањето на работата, решавањето на конкретни проблеми и во донесувањето на одлуки во процесот на работата;<br><br>Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите. Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот. |
| **4** | Познава концепти, принципи и процеси од учените предмети и области;<br><br>Поседува систематични | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретски знаења и принципи, | Самостојно ја планира, организира и води својата работа и врши надзор на зедничката работа; |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | теоретски и стручни знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | неопходни за учењето и работа и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на трудот или учењето;<br><br>Оспособен е да прибира, анализира, селектира и употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето;<br><br>Оспособен е да изведува сложени постапки и со употреба на методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работата;<br><br>Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | Самостојно извршува сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување, согласно дадените насоки, во променливи услови;<br><br>Одговорен е за сопствената работа, работата на групата, во насока на вреднување на резултатите од работата и унапредување на квалитетот, во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. |
| **3** | Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации;<br><br>Извршува на работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни;<br><br>Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите;<br><br>Комуницира и соработува со групата. | Планира, подготвува и организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени овластувања, во рамките на делокругот на својата работа;<br><br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. |
| **2** | Поседува основни теоретски и стручни знаења потребни за познавање на подрачјето | Поседува практични и креативни вештини за извршување едноставни или помалку сложени и | Работи самостојно во познати услови под повремен надзор и со ограничена одговорност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | на трудот и може да ги примени при извршувањето на едноставни работни задачи, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | однапред дефинирани работи во познати услови и предвидливи ситуации.<br><br>Користи едноставни методи, алати, инструменти, уреди и материјали врз основа на детални упатства;<br><br>Комуницира и соработува со одделни лица. | за извршување на работните задачи;<br><br>Остварува едноставна комуникација и соработка со дел од вработените во познати ситуации. |
| **1** | Поседува основно знаење за функцијата на одредени предмети и појави со можност да ги примени во практиката и другите дисциплини, а во исто време овозможува и натамошно учење. | Поседува основни вештини за извршување едноставни работи;<br><br>Користи едноставни методи, алати, инструменти со упатства и под надзор;<br><br>Поседува општи правила на комуникација. | Извршува едноставни задачи под директен надзор;<br><br>Презема одговорност за извршување едноставни задачи. |

## 3. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

Обезбедувањето на квалитет се однесува на квалитетот на квалификациите во МРК, на процесите кои водат до стекнување квалификација и сертификатите/дипломите што се доделуваат на учесниците кои ја стекнале квалификацијата. Веродостојноста и транспарентноста се постигнуваат преку воведување процеси за квалитет преку кои се верифицираат квалификациите и верифицираат/акредитираат[12] институции.

Системот за обезбедување на квалитет опфаќа:

1. верификација на квалификациите;
2. верификација и реверификација на посебните програми за образование на возрасни;
3. дефинирање на надлежностите на органите и институциите кои се вклучени;
4. верификација/акредитација на институциите;
5. процедури и стандарди за признавање и сертифицирање на предходното учење;
6. евалуација на програми и институции, самоевалуација, надворешно оценување или надворешна ревизија и објавување на резултатите;
7. постапки за нострификација[13]/признавање и еквиваленција и
8. меѓународно учество, соработка и вмрежување.

Оперативна улога во обезбедување квалитетот на МРК, имаат:

- Министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката
- Центар за стручно образование и обука
- Центар за образование на возрасни
- Одбор за акредитација на високото образование
- Биро за развој на образование
- Државен испитен центар
- Државен просветен инспекторат
- Институциите кои се јавуваат како понудувачи на образование и обуки

### 3.1. Верификација[14] на квалификации

Верификација на квалификации е процес на обезбедување квалитет кој се применува на нови, ревидирани или изменети и дополнети квалификации, со цел да се утврди дека тие имаат јасни и релевантни цели и се дизајнирани на начин кој ги задоволува истите.

Сите квалификации што ќе се внесат во МРК, мора да бидат верифицирани. Министерот надлежен за работите од областа на образованието и науката ја верификува квалификацијата на предлог на Националниот Совет за МРК , врз основа на Извештајот

---

[12] Поимот акредитација се користи во високото образование

[13] Поимот нострификација се користи за признавање на квалификации, согласно постоечките закони за основно и средно образование

[14] Поимот верификација се однесува на одобрување

од Секторската комисија. Високообразовни квалификации се запишуваат во регистерот за врз основа на акредитација и евалуација на студиската програма, соглано законот што ја регулира оваа проблематика.

Со верификацијата се утврдува исполнетост на критериумите за верификација, потребата за одредена квалификација и постигнување на целта за која била дизајнирана.

Верификација на квалификациите е важна бидејќи обезбедува:

- идентификација на потребата од квалификација поддржана од корисниците;
- изработка на квалификацијата врз основа на соодветни стандарди;
- потврдено и веродостојно оценување и
- задоволување на останатите барања за внесување во МРК.

Верификацијата води кон признавање на квалификациите за пет години. По завршувањето на тој период истите можат да бидат повторно верифицирани, доколку ги исполнуваат сите барања за внесување во МРК. Надворешната евалуација се врши од страна на соодветните Секторски комисии.

Критериуми за верификација на квалификации се следните:

1. Постои општествена и економска потреба од квалификацијата;
2. Квалификацијата е дизајнирана да ја задоволува општествената и економската потреба;
3. Квалификацијата вклучува цели, компетенции, резултати од учење и критериуми за оценување;
4. Квалификацијата ги задоволува структурните барања на телото задолжено за верификација;
5. Квалификацијата е на соодветното ниво, има соодветна кредитна вредност и код;
6. Квалификацијата нуди хоризонтален и вертикален премин кон понатамошно учење и можност за преквалификација и доквалификација и
7. За спроведување на квалификација потребно е да се исполнети нормативите за кадар, простор, опрема, материјали итн. потребни за оценување на учесници според резултатите на учење.

3.1.1. Мерила и постапки за упатување на нивоата на Македонската рамка на квалификации на оние од Европската рамка на квалификации.

Република Македонија ја почитува воспоставената методологија за упатување на нивоата на Македонската рамка на квалификации, согласно методологијата воспоставена во Европската рамкана квалификации:

1. Одговорностите и законските надлежности на сите значајни национални тела опфатени во постапката на упатување, вклучително и националната координативна точка се јасно определени и објавени од надлежните органи;
2. Постои јасна и докажлива врска помеѓу нивоата на квалификациите во Македонската рамка на квалификации или националниот систем на квалификации и описите/дескрипторите во нивата на ЕРК;
3. Македонската рамка на квалификации (или националниот систем на квалификации) и нејзините квалификации се темелат на начелата и целите од резултатите од учењето и е поврзана со утврдениот ред за потврдување на неформалното и информалното учење и онаму каде што постои со кредит системот.

4. Постапката за вклучување на квалификациите во МРК или за опишување на местото на квалификацијата во националниот систем на квалификации е транспарентна;
5. Националниот систем за обезбедување систем за квалитет за образованието и обуките упатува на МРК (или националниот систем на квалификации) и е доследен на соодветните европски начела и упатства (како што е наведено во прилогот три на Препораката)
6. Постапката за упатување треба да вклучува изјавена согласност на надлежните тела за обезбедување на квалитет;
7. Постапката за упатување треба да вклучува меѓународни стручњаци.
8. Надлежните национални тела треба официјално да го објават упатувањето на Македонската рамка на квалификации (или националниот систем на квалификации) со ЕРК. Од страна на надлежниот орган треба да биде изготвен Извештај за самоупатување кој што го потврдува упатувањето и доказите кои што го докажуваа, ја вклучува Националната координативна точка и ги зема предвид поединечно , секој од критериумите;
9. Официјалната платформа на ЕРК води јавен список на земјите членки кои што имаат потврдено дека ја имаат завршено постапката на упатување со врска каде што пополнетиот извештај може да се најде и
10. Следствено постапката за упатување и насоките во распоредот поставен во препораките, сите нови сертификати за квалификации, дипломи и Европасс документи издадени од надлежните органи, содржат јасен упат од националниот систем на квалификации до соодветното ниво од МРК.

Националниот извештај за МРК ќе го подготви посебно тело што ќе го определи Министерот надлежен за работите од областа на образованието и обуката.

## 3.2. **Верификација/акредитација на институции**

Верификацијата на институции е формален процес кој потврдува дека институциите ги исполнуваат пропишаните критериуми за квалитет потребни за спроведување на одредена квалификација од МРК и/или оценување поединци кои бараат да стекнат такви квалификации.

Верификација на институцијата значи дека квалитетот на оценувањето и сертификацијата спроведени во институцијата задоволуваат одредени прифатени и признаени стандарди.

Критериуми за верификација/акредитација на институциите се:

1. соодветни образовни и студиски програми и други програми за образование и обука;
2. соодветен норматив за наставен кадар и/или обучувачи;
3. потребни просторни, материјални и технички услови и
4. финансиска издржаност за реализација на целокупниот процес за стекнување на квалификација.

Верификацијата на институциите кои нудат формално и неформално образование и обука ја врши Министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката. Институциите кои не се верифицирани нема да можат да нудат квалификации кои се внесени во Рамката. Верификацијата/акредитацијата на институциите потребно е да се обновува на секои пет години, по спроведените процеси на самоевалуација и надворешна евалуација.

Потврдувањето на резултатите од учењето (знаење, вештини и компетенции) во неформалното образование и обука го врши комисија во која има претставници од понудувачот на образованието и обуката, работодавачите и институциите од областа на образованието.

Надзор на работењето на институциите кои реализираат образование и обука врши Државниот просветен инспекторат, согласно законите кои ја регулираат соодветната област.

### 3.3. Признавање и сертифицирање на претходното учење

Признавањето и сертифицирањето на претходното учење е процес кој што е тесно поврзан со разбирањето на квалификациите и е во функција на обезбедување квалитет во образованието.

Македонската рамка на квалификации ќе овозможи признавање на резултатите од претходното учење стекнато во формалното, неформалното и информалното учење. Целта на признавањето на претходното учење е на поединците да им се овозможи стекнување на национално признаени квалификации кои ќе имаат јавна важност и иста вредност како оние стекнати во рамките на формалното образование, доколку се засноваат на исти стандарди на занимања. Постапката на признавање на претходното учење ќе овозможи поединци да се стекнат со сертификат за квалификација и компетенции без да влезат во системот на стручното образование и обука. На тој начин ќе се изгради сеопфатен и единствен систем на квалификации (стекнати во формалното образование, неформалното и информалното учење), ќе се задоволат потребите на младите, возрасните и пазарот на трудот, а ќе се поддржат и принципите на доживотното учење.

Квалификациите што ќе се стекнуваат врз основа на делови од образовните програми (модули), посебни програми за образование и обука и врз основа на директна проверка на претходно стекнатото учење (знаење, вештини и компетенции), ќе се потврдуваат со сертификати и ќе овозможуваат вклучување на пазарот на трудот. Овие квалификации ќе се стекнуваат врз основа на проверка во установи надлежни за екстерна проверка. Стандардот на проверката ќе биде дефиниран врз основа на посебен каталог на стандарди на знаења и вештини (испитен каталог) за проверка на квалификации по пат на сертифицирање. Испитните каталози за проверка или потврдување на националните квалификации по пат на сертифицирање ќе се изготвуваат врз основа на стандарди на занимања/стандарди на квалификации. Испитниот каталог ќе ги содржи влезните услови за стекнување на квалификации, начинот на проверката, критериумите за оценување и материјалните услови потребни за реализација на проверката. Испитните каталози ќе ги изготвуваат Центарот за стручното образование и обука,  Центарот за образование на возрасни и Бирото за развој на образованието.

Квалификацијата се докажува со сертификат кој овозможува пристап до пазарот на трудот и до образовните програми. Врз основа на сертифицирањето, формално и службено ќе се признаваат стручните способности (квалификации), односно ќе се признава  успешното постигање на дефинираните резултати на учење. Низ процесот на сертифицирањето, кандидатите ќе ги довршуваат пропишаните програми и ќе ја поминуваат фазата на завршната проценка на  постигањата.

Во развојот и воспоставувањето на системот на признавање и сертифицирање на претходното учење, надлежните органи треба да се раководат од следниве програмски определби:

- сертификатите се стекнуваат врз основа на акредитирани програми/модули во акредитирани институции;
- знаењето, вештините и компетенциите стекнати надвор од системот на образование и обука може да бидат признаени и сертифицирани;
- сертификатите ги доделуваат акрдитирани институции врз основа на акредитирани програми/модули;
- сертифицирањето на квалификациите се остварува врз основа на објективна и доследна процедура на финално оценување;
- оценувањето се заснова на стручни стандарди, односно компетенции преточени во критериуми за оценување;
- сертификати се издаваат за образовна програма, комплет на модули, комбинација на модули или модуларни единици или за секој модул или модуларна единица поединечно;
- сертификатите се одраз на барањата на трудот.

Утврдување на видот на сертификатот треба да соодветствува со барањата на пазарот на трудот, т.е. на стандардите на занимања/стандардите на квалификации.
Системот на сертифицирање и сертификати ќе овозможи:

1. признавање на резултатите на учењето на национално ниво во средното стручно образование и обука;
2. мобилност на поединците на пазарот на работната сила, во системот на образование и нивно вработување;
3. поврзување и интеграција на интересите на установите за образование и обука, работодавачите, односно претпријатијата и нивните асоцијации и поединците;
4. флексибилност во организацијата на образованието и вработувањето;
5. мотивирање на поединците да напредуваат во рамките на одделни и повисоки нивоа на образование, унапредувајќи ги своите компетенции и постигања и др.

## 4. ОРГАНИ И ТЕЛА НАДЛЕЖНИ ЗА РАЗВОЈ, ПРОВЕРКА, УСВОЈУВАЊЕ, ПРИЗНАВАЊЕ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИТЕ ВО МРК

### 4.1. Идентификација на потребите од нови квалификации и ревизија на постојните квалификации

Идентификација на потребите од нови квалификации и ревизија на постојните ја вршат **Секторските комисии на квалификации**.

Надлежности на Секторските комисии на квалификации:

- Да ја анализираат состојбата и тенденциите на пазарот на трудот;
- Да предлагаат квалификации за сектор, односно потсектор на квалификации од I до VIII ниво;
- Да ги анализираат постојните квалификации;
- Да вршат евалуација на постојните квалификации;
- Да ги идентификуваат (дефинираат) потребите за сите видови на квалификации во согласност со потребите на пазарот на трудот и општеството во целина;
- Да разгледуваат предлози за воведување на нови квалификации;
- Да предлагаат приоритети во развојот на нови или дополнување на постојните квалификации;
- Да го подготвуваат основниот профил на квалификацијата;
- Да даваат мислење за усогласеноста на стандардите на занимањата/стандардите на квалификации со испитните програми;
- Да ги промовираат секторите на квалификации и можностите за вработување во нив и сл.

Секторските комисии ги сочинуваат претставници од:

- Соодветното министерство;
- Министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката;
- Работодавачите (на предлог на коморите);
- Репрезантативни здруженија на работодавачите;
- Претставник од репрезентативните здруженија на секторите на квалификации;
- Универзитетите;
- Центарот за стручно образование и обука;
- Центарот за образование на возрасните;
- Биро за развој на образованието
- Телото надлежно за регулирани професии (адвокатска комора, лекарска комора, инженерска комора и др).

Секторските комисии ги формира Националниот Совет за Македонската рамка на квалификации.

### 4.2. Развој на квалификации

Надлежни за развој на квалификациите од I до V-Б ниво на квалификации се:

- Центарот за стручно образование и обука;

- Центарот за образование на возрасни;
- Бирото за развој на образованието;

Надлежни за развој на квалификациите од V-A до VIII ниво се високообразовните институции.

### 4.3. Одобрување на квалификациите

Одобрувањето на квалификациите го врши Националниот Совет за Македонската рамка на квалификации.(Алтернатива: Национална агенција за квалификации).

Надлежности на Националниот Совет за Македонската рамка на квалификации (Алтернатива: Национална агенција за квалификации) се:

- Да донесува одлуки за распоредување на квалификациите во МРК;
- Да предлага развој и унапредување на квалификациите до надлежните институции;
- Да донесува одлуки за усогласување на постојните квалификации со МРК;
- Да го следи развојот на МРК во целина;
- Да развива и усвојува методолошки документи ;
- Да утврдува соодветни критериуми за работата на тела, органи и комисии и дава насоки за нивното работење;
- Да одлучува за дефинирање на потсекторите, областите и подобластите во рамките на секторите на квалификации;
- Да разгледува и усвојува извештаи доставени од тела и комисии;
- До Владата да поднесува извештаи за својата работа.

Националниот Совет на Македонската рамка на квалификации го сочинуваат претставници од:

- Министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката;
- Министерството надлежно за работите од областа на трудот и социјалната политика;
- Коморите;
- Репрезентативни здруженија на работодавачи;
- Универзитетите;
- Центарот за стручно образование и обука;
- Центарот за образование на возрасни;
- Бирото за развој на образованието;
- Репрезентативен синдикат за образование, наука и култура

Националниот Совет за Македонската рамка на квалификации го формира Владата на Република Македонија.

Одобрените квалификации се запишуваат во посебени регистри на квалификации. Постапката за воведување и уредување на квалификациите во регистерите на квалификации се уредува со Правилник.

Регистерот за стручни квалификации до VБ ниво го води Центарот за стручно образование и обука, за квалификации во неформалното образование го води Центарот за образование на возрасни, а регистерот за високообразовни квалификации го води Секторот за високо образование во рамките на Министерството надлежно за работите од областа на образованието и науката.

**Користени документи:**


1. Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 - 2015, со придружни програмски документи, Скопје 2005 год.
2. Нацрт Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, Скопје, 2013 год.
3. Стратегијата за образование на возрасни 2010-2015, Скопје 2010 год.
4. Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, Скопје, февруари 2008 год.
5. Концепција за стручно оспособување во траење до две години, Скопје, 2010 год.
6. Концепција за стручното образование за занимања, Скопје , април 2010 год.
7. Концепција за постсредно образование, Скопје, 2011 год.
8. Концепција за матура и завршен испит во средното образование со четиригодишно траење во Република Македонија, Скопје 2009 год.
9. Меѓународна стандардна класификација на образованието ISCED 1997 (во тек е ревизија со ISCED 2011)
10. Национална класификација на занимања (НКЗ 2008)
11. Национална рамка на високообразовните квалификации- водич, Елизабета Бахтовска, Гордана Јанева, Ратка Нешковска, Битола, 2011
12. Национални оквир квалификација, Бојан Комненовиќ, Предраг Лазетиќ, Мартина Вукасовиќ, Београд, 2010
13. Хрватски квалификациски оквир, група автори, Загреб, 2009 год
14. Convention on the Recognition of qualifications concerning higher education in the European region, Lisbon, 11.IV.1997
15. Convention on the Recognition of Studies, Diplomas and Degrees concerning Higher Education in the States belonging to the Europe Region, United Nations Educational , Scientific and Cultural Organization Paris , 21 December 1979
16. ETF (2012): Skills Needs Forecast and Qualifications System , March, 2012
17. COM (2008) 868, 16.12.2008. Council conclusions of 9. 3. 2009 and 7. 6. 2010 New Skills for New Jobs: Action Now Expert Group Report, Feb. 2010